К О Н К У Р С

за изработка на идејно архитектонско-урбанистичко решение

за уредување на ридот Кале во Скопје

Т1. КОНКУРСНИ УСЛОВИ

Скопје,

април 2019 година

Н.У. МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ГРАД СКОПЈЕ – "ROCK" ПРОЕКТ

КОНКУРС

за изработка на идејно архитектонско-урбанистичко решение за уредување на ридот Кале во Скопје

Т1. КОНКУРСНИ УСЛОВИ

СОДРЖИНА

I ОПШТИ УСЛОВИ
II КОНКУРСНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
III РОКОВИ
IV КОМИСИЈА, СЕКРЕТАР И ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР
V КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ
VI НАГРАДИ
VII СОДРЖИНА НА ТРУДОВИТЕ
VIII ФОРМАТ ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ

ПРИЛОЗИ

1. повеќе прилози, во дигитална форма.

I ОПШТИ УСЛОВИ

1.1. Конкурсот е анкетен, јавен, анонимен и меѓународен.

1.2. Распишувач на конкурсот е Музеј на современата уметност - Скопје, ул. Самоилова 17, 1000, Скопје, Република Северна Македонија;

Одговорно лице: Мира Гаќина, директор.
Одговорен кустос: Зоран Петровски, кустос советник.
Лице за контакт: Бојана Стојменовска.

1.3. Предмет на конкурсот е:
(1.) изработка на идејно архитектонско-урбанистичко решение за просторно уредување на ридот Кале во Скопје во рамки на зададените граници: локалитет „Француски гробишта“ на северната страна, улица „Самоилова“ на источната страна, северната ѕидина на тврдината „Кале“ на јужната страна и улицата „Лазар Личеновски“ на западната страна („проектна локација“), како и:
(2.) изработка на идејно архитектонско решение за повеќе привремени градби – павилјони, сместени на локации по избор на авторот/те и во функционална врска со зградата на Музејот на современата уметност, наменети за дополнување на неговите содржини и програма.

1.4. Цел на конкурсот е избор на најдобро идејно архитектонско-урбанистичко решение за (1.) просторно уредување на ридот Кале во Скопје и (2.) идејно архитектонско решение за повеќе привремени градби – павилјони.

1.5. Право на учество имаат архитекти, како и студенти по архитектура, без оглед на местото на живеење и работа; условот за стручност е задоволен со приложување на копија од потврда за завршен Архитектонски факултет, односно оригинална потврда на статусот студент по архитектура.

1.6. На конкурсот не смеат да учествуваат: лица вработени кај Распишувачот на конкурсот, претседател на конкурсот, членови на Оценувачката комисија, изработувачот на конкурсните услови, стручните советници, како и сите кои би ја нарушиле рамноправноста на конкурсот или би влијаеле во оценувањето.

1.7. Секој учесник (поединец или група) може да учествува само со 1 (едно) конкурсно решение.

1.8. Расписот на конкурсот ќе се објави јавно, на веб страната на Музејот, на веб портали, преку мрежата на Асоцијацијата на архитекти на

Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија.

Графичкиот дел од расписот на Конкурсот ќе биде достапен на веб-страната на Музејот на современата уметност во Скопје, од каде може да се преземе во електронска форма (www.msu.mk).

Резултатите од конкурсот ќе бидат објавени на web страната на Музејот на современата уметност во Скопје: www.msu.mk

II КОНКУРСНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.1. Изработувач на Конкурсните услови:
НУ Музеј на современата уметност – Скопје;
Архитектонски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје .

1.2. Изработувач на Конкурсната проектна програма:
НУ Музеј на современата уметност – Скопје;
Архитектонски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје .

1.3. Конкурсните материјали содржат:

Текстуален дел

Т1. Конкурсни услови (овој прилог);
Т2. Конкурсна проектна програма;
Т3. Публикација „Кале – културна тврдина“;
Т4. Формулар и Изјава за учество.

Графички дел

Г1. Ситуациона подлога (во .dwg формат);
Г2. Дигитална ортофото снимка на ридот „Кале“;
Г3. Графички подлоги од зградата на Музејот (во .dwg формат);
Г4. Фотодокументација (избрани кадри од просторот);

III РОКОВИ

3.1. Конкурсот започнува на денот на објавувањето: 05.04.2019-та година.

3.2. Учесниците на конкурсот имаат право да поставуваат прашања до 17.04.2019-та година, преку електронска пошта на **kkt2_konkurs@msu.mk** со назнака: ПРАШАЊА ЗА КОНКУРС – МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ. Одговорите на сите пристигнати прашања ќе бидат објавени на веб страницата на Музејот на современата уметност Скопје, најдоцна до 24.04.2019-та година.

3.3. Краен рок за предавање на трудовите е 15.05.2019-та година до 15 часот во архивата на Музејот на современата уметност во Скопје, независно од начинот на доставување.

Конкурсните трудови можат да се предадат лично или преку пошта во архивата на Музеј на современата уметност Скопје на адреса: **Музеј на современата уметност – Скопје, ул. Самоилова бб, 1000, Скопје, Република Северна Македонија**

со назнака:

КОНКУРС ЗА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИДЕЈНО АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА РИДОТ КАЛЕ ВО СКОПЈЕ

Ако конкурсниот труд се праќа преку пошта и ако од испраќачот се бара на пакувањето да се наведат името, презимето и адресата на живеење, тие никако не смеат да бидат исти со името, презимето и адресата на некој од учесниците на конкурсот (наведени во пликото со назнака „Автор“) или да упатуваат на некој од учесниците.

Конкурсните трудови кои ќе стигнат подоцна од крајниот рок за предавање Конкурсната комисија НЕМА да ги разгледува.

По завршување на рокот за предавање на конкурсните трудови, овластено лице од страна на Распишувачот ги предава дотогаш пристигнатите трудови заедно со список на пристигнатите трудови на Конкурсната комисија точно во часот кој е предвиден како краен рок за предавање.

Конкурсната комисија во првиот ден од својата работа ќе направи Извештај за бројот на пристигнати конкурсни трудови и Извештај за евентуални недостатоци или непочитување на конкурсните услови кај некои од конкурсните трудови.

На сите пристигнати конкурсни трудови, Конкурсната комисија ќе додели работни шифри, кои ќе ги користи во текот на оценувањето.

3.4. Со оценување на конкурсните трудови Конкурсната комисија ќе заврши најдоцна до 29.05.2019-та година.

3.5. Конкурсната комисија, донесената одлука за оценување на конкурсните трудови ја предава на Распишувачот на конкурсот, најдоцна 5 (пет) дена по донесување на одлуката, на понатамошно спроведување. Распишувачот на конкурсот резултатите од конкурсот ги објавува на веб страната на Музејот на современата уметност во Скопје: www.msu.mk

3.6. Изложба на конкурсните решенија ќе се организира во Музејот на современата уметност во Скопје во рок од шест месеци по завршување на оценувањето. Датумот на отворање на изложбата ќе биде објавен на веб страната на Музејот на современата уметност во Скопје: www.msu.mk

3.7. Конкурсните трудови кои не се наградени може да се подигнат од просториите на Распишувачот на конкурсот, во рок од две недели по завршувањето на изложбата. После овој рок Распишувачот на конкурсот нема обрска да ги чува и да се грижи за конкурсните материјали.

3.8. Рокови – КАЛЕНДАР

05.04.2019. почеток на Конкурсот;
до 17.04.2019. рок за поставување прашања (на мејл адреса);
до 24.04.2019. рок за одговор на прашања;
до 15.05.2019. до 15:00 часот рок за предавање на трудовите;
до 29.05.2019. Конкурсната комисија завршува со оценување;
>> најдоцна 5 дена по завршување на оценувањето Распишувачот на Конкурсот ги објавува резултатите од оценувањето.

IV КОМИСИЈА И ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР

Сите членови на Конкурсната комисија и техничкиот секретар на конкурсот ги назначува Распишувачот на конкурсот

4.1. Конкурсна комисија

Претседател на Конкурсна комисија:
1. Зоран Петровски, Музеј на современата уметност, Скопје;

Членови на Конкурсна комисија:
2. проф. д-р Влатко П. Коробар, Архитектонски факултет - Скопје;
3. вонр. проф. д-р Јован Ивановски, Архитектонски факултет - Скопје;
4. доц. д-р Горан Мицковски, Архитектонски факултет - Скопје;
5. доц. д-р Ана Ивановска Дескова, Архитектонски факултет - Скопје;
6. м-р Снежана Герасимова Матеска, Управа за заштита на културното наследство;
7. доц. д-р Мери Батакоја, Архитектонски факултет – Скопје.

4.2. Технички секретар
Бојана Стојменовска

V КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ

Конкурсната комисија ќе ги анализира и оценува конкурсните трудови спрема следните стручни критериуми:

5.1. Критериуми за оценување:

- квалитет на архитектонско-урбанистичкиот концепт;
- ускладеност на трудот со програмските барања на конкурсот;
- функционалност и обликовно-естетски квалитети на предложеното решение;

- рационалност и економичност на предложеното решение во однос на можностите за реализација и тековно одржување;
- иновативност во пристапот на решавање на задачата;

Редоследот на конкурсните трудови се одредува спрема вкупно освоените бодови од сите критериуми.

VI НАГРАДИ

6.1. Вкупниот награден фонд на конкурсот изнесува 300.000,00 денари во БРУТО износ.

6.2. Конкурсната комисија ќе ги додели наградите, со износи како што е прикажано подоле во текстот:

	Бруто износ
Прва награда	150.000,00 денари
Втора награда	100.000,00 денари
Трета награда	50.000,00 денари

Наградниот фонд е обезбеден од Град Скопје, од буџетот на проектот „ROCK“

6.3. Конкурсната комисија го задржува правото да го распредели наградниот фонд на различен начин од предвидениот, согласно заклучоците кои произлегуваат од нејзината работа, односно квалитетот на пристигнатите трудови.

VII СОДРЖИНА НА ТРУДОВИТЕ

Учесниците на конкурсот треба да изработат идеен архитектонско-урбанистички проект, кој треба да ги содржи следните прилози:

7.1 Текстуален дел

- образложение на концептот на архитектонско-урбанистичкото решение (најмногу до 1000 збора);
- опис на предложената просторно-програмска структура (најмногу до 500 збора);
- опис на функционалното решение (најмногу до 500 збора);
- информации за квадратурите на одделните програмски содржини (најмногу до 500 збора);

7.2 Графички дел

<u>Л1 - поширока локација</u> (предмет на стратешко размислување):

- концепт за поврзување на ридот „Кале“ со околниот градски простор, прикажани во ситуационен план (преку цртежи и дијаграми, во размер и техника по избор);

- просторни прикази на концептот, во кои се прикажани важните пејзажни и просторни елементи - реката Вардар, Тврдината „Кале“, зградата на Музејот итн. (во техника по избор);

Л2 - проектна локација (предмет на архитектонско-урбанистички проект):

- ситуационо решение на целиот опфат на решавање (во размер 1:1000);

- основи и пресеци кои ги прикажуваат новопредвидените интервенции во рамки на нивното непосредно окружје (во размер 1:500);

- просторни прикази на целината на архитектонско-урбанистичкиот проект и карактеристични делови од предложеното решение (во размер и техника по избор);

- фазност на реализација на архитектонско-урбанистичкиот проект (преку цртежи и дијаграми);

Л3 - потесна локација (предмет на детално разработен архитектонски проект):

- ситуационо решение со петта фасада (во размер 1:250);

- ситуационо решение со приказ на отворени основи на приземното ниво на зградата на Музејот на современата уметност и привремените градби (во размер 1:250);

- основи, пресеци и изгледи на секоја од предложените градби, сместени во своето непосредно окружје (во размер 1:100 или 1:50);

- просторни прикази на целината на архитектонското решение и карактеристични делови од предложеното решение (во размер и техника по избор);

- фазност на реализација на архитектонско-урбанистичкиот проект (преку цртежи и дијаграми);

VIII ФОРМАТ ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ

8.1. Конкурсниот труд се предава под шифра од максимум 5 знаци (бројки и/или букви), која треба да биде назначена на секој од прилозите (текстуални и графички), поставена во горниот десен агол.

Сите прилози на конкурсниот труд (текстуални и графички) се доставуваат завиткани во заштитен омот, означен со иста шифра како и прилозите во него, без потпис или било каква друга ознака.

8.2. Сите графички прилози (не повеќе од 8 листови), треба да бидат во формат - B1 (700x1000 mm), а листовите не смее да се виткаат во ролна туку се предаваат рамни.

8.3. Текстуалниот дел од конкурсниот труд се предава отпечатен на хартија, А4 формат, во 3 примероци.

8.4. Во конкурсниот труд треба да се предаде и ЦД или ДВД на кој се снимени сите прилози од конкурсниот труд:
- графичките прилози во .PDF формат;
- текстуалните прилози во .DOC формат;

8.5. Во конкурсниот труд треба да се предаде и едно непросирно запечатено плико, означено со натпис „АВТОР“, означено со истата шифра како и прилозите. Пликоата треба да содржат:

Име и презиме (имиња и презимиња) на автор-от/ите, контакт адреса и телефон. Автор-от/ите на конкурсниот труд, покрај наведените податоци треба своерачно да потпишат Изјава (во прилог), со која потврдуваат дека ги прифаќаат Конкурсните услови.